

Уредува
**Тони Димков**

# КУЛТУРЕН ПЕЧАТ.

БРОЈ 109 | сабота-недела 11-12 декември 2021 | Неделен прилог


## **Интервју** Филип Фидановски
## ДЛУМ мора да се менува како што се менува и општеството

**„Сакам да го видам ДЛУМ како една институција што безрезервно ќе ги обедини сите македонски уметници“**



# „Таксират фестивал“ во полн сјај

Финалната вечер на „Таксират фестивал #23“, која се одржа на 7 декември на три бини во СЦ „Борис Трајковски“, потсети на некои убави времиња.

Иако протоколите за одржување културни настани во затворен простор го редуцираа бројот на публиката, сепак, понудената музичка програма во текот на целата вечер држеше високо наелектризирана атмосфера.

Настапот на групите „Санаториум“ и „Мизар“ го потврди нивниот култен статус на македонската музичка сцена, гостите од Србија „Партибрејкерс“ ја докажаа својата истрајност на рок-сцената, а суперхеројот на светската електронска сцена Борис Брејча и неговата соработничка Ен Клу го сместија Скопје на светската музичка мапа. Фантастична атмосфера имаше и во малата сала, каде што се слушаше највлијателниот трап/хип-хоп звук од земјава и регионот.

Со ова издание на фестивалот „Пасворд продукција“ уште еднаш ги потврди своите организациски можности и квалитети.









↑ Фотографија **Стефан Саманџов**

## **Театарска премиера** Урнебесна комедија се подготвува на малата сцена во МНТ

## **Васко Ташковски** Монографиите се печатат во сегашноста, а патуваат во иднината



## Уметничкиот центар **„Полифонија“** продуцираше изданија од класичната музика со врвен квалитет





# Интервју

**Филип Фидановски**
претседател на ДЛУМ

**75 години ДЛУМ.**



Автор
**Тони Димков**

# ДЛУМ мора да се менува како што се менува и општеството



**Повод** Јубилејната изложба „75 години ДЛУМ“, поставена во два објекта на Националната галерија, е повод за разговор за значењето на ДЛУМ во современото општество со актуелното раководство на ДЛУМ

Друштвото на ликовни уметници на Македонија (ДЛУМ) неформално било основано на 10 ноември 1944 година во Прилеп, а официјално било регистрирано на 13 ноември 1946 година. Помеѓу овие две значајни години, на 13 ноември 1945 година била реализирана и првата општа изложба на македонски уметници. Изложбата беше реприкажана минатата 2020 година, кога ДЛУМ ја доби наградата „13 Ноември“ на Град Скопје. Изборот на датумот за отворањето на јубилејната изложба „75 години ДЛУМ“, 1 декември, е поврзан со 1944 година, кога пред 77 години било основано Средното уметничко училиште во Скопје, а иницијативата за основањето била дадена од тогашните членови на ДЛУМ. Сите овие факти ги предочува Филип Фидановски, актуелен претседател на ДЛУМ, со кого разговаравме за организирањето на јубилејната изложба, но и за актуелните состојби во ДЛУМ.

**● Големиот јубилеј „75 години ДЛУМ“ го одбележувате со импозантна изложба во двата објекта Чифте амам и Мала станица при Националната галерија. Каков предизвик беше подготовката на изложбата, имајќи предвид дека се изложени 292 автори и дела од сите генерации?**

- Идејата за изложбата првично беше да се организира во Музејот на современата уметност, бидејќи е единствен објект во кој може да се прикаже една вака комплексна поставка, голема по формат и бројка на автори и сите изложени дела да бидат на едно место. За жал, не се оствари соработка со МСУ, како и за многу други проекти што сме ги понудиле на тој музеј. Во овој случај само Националната галерија се одзва на нашата иницијатива за реализација на овој значаен јубилеј. Бројката на учесници говори сама за себе. Оваа бројка ќе беше поголема доколку уметниците кои актуелно творат се јавеа на распишаниот повик на ДЛУМ за организирање на јубилејната изложба. Не се застапени многу од авторите, бидејќи самите не се јавија на повикот од ним познати причини. Останатиот дел од делата што се претставени на оваа изложба се извадени од депоата на Националната галерија. За самата реализација на изложбата беше одговорна Дијана Томиќ Радевска, како претседателка на Уметничкиот совет на ДЛУМ, и вишата кустоска Маја Чанкуловска Михајловска од Националната галерија.

**● Колку членови има актуелниот состав на ДЛУМ и на кој начин се одржува членството?**

- Вкупниот број активни членови се движи до 300 уметници, кои учествуваат на изложбите што ги организира ДЛУМ. Инаку, членството во ДЛУМ е трајно и се активира со плаќање членарината секоја година. Има уметници што се активни творци, но не земаат учество на изложбите и го немаат активирано членството.

**Министерството за култура финансиски константно го поддржува ДЛУМ за сите свои проекти, но не во онаа мера што ДЛУМ ја заслужува**

**● На свеченото отворање на јубилејната изложба присуствуваа претседателот Стево Пендаровски и министерката за култура Ирена Стефоска. Дали тоа значи дека институционалната државна поддршка на ДЛУМ е зголемена и дека отворањето на „изложба со црна лента низ целата галерија“ веќе е минато?**

- Претседателот на државата е покровител на јубилејот, бидејќи ја препозна големината на ДЛУМ и неговата важност за развојот на ликовната уметност и култура во нашата држава. Министерството за култура финансиски константно го поддржува ДЛУМ за сите свои проекти, но не во онаа мера што ДЛУМ ја заслужува. Искрено сакам да верувам дека нема да се повторат изложби како онаа од 2019 година, со црна лента низ целата галерија. Оваа јубилејна изложба имаше за цел и да покаже колку е значаен ДЛУМ за развојот на уметноста. Да се потсетиме дека на иницијатива на ДЛУМ се формирани и Уметничкото училиште и Националната галерија. Тоа се првите институции на државно ниво од областа на ликовната уметност и култу-



→ **Претседателот на државата Стево Пендаровски е покровител на јубилејот, бидејќи ја препозна големината на ДЛУМ и неговата важност за развојот на ликовната уметност и култура во нашата држава**

ра. Од позиција на претседател на ДЛУМ и како уметник сметам дека Друштвото мора да се институцијализира под закрила на Министерството за култура, зашто во оваа форма во којашто е сега тешко дека ќе опстои уште долго време, а мора да се задржи неговата автентичност и независност од какви било политички и општествени влијанија што ги носи новото време.

**● Кои се најсуштинските потреби на ДЛУМ?**

- Првично ДЛУМ мора да влезе под стратешка заштита на Министерството за култура. Државата мора да создаде услови за понатамошен опстанок на Друштвото, да ги згрижи уметниците под еден покрив и да овозможи да го покажат она што го творат. Мора да се обезбеди соодветен галериски простор за функционирање на ДЛУМ, како и сигурни финансии со кои ќе се гарантира опстанокот на ДЛУМ и неговото функционирање. ДЛУМ сега се третира како сите други здруженија на граѓани, и оние вчера основаните. Добива незначителни финансиски средства, со кои ама буквално ништо не може да се направи со години наназад. Укажуваме дека треба да се има поинаков пристап кон сите еснафски друштва кои се темел на културата на нашата држава. ДЛУМ со години се бори со немањето свој галериски простор, свој канцелариски простор и сигурни финансии.



Има наследени долгови што се провлекуваат со децении, за кои никој не наоѓа начин да ги реши. Мислам дека после овој пресек од 75 години, кој јасно го покажува значењето на Друштвото, Министерството треба сериозно да се позанимава со решавање на проблемите во оваа област на културата.

**● Ветувања за решавање на проблемот со просторот имало и порано. Колку ДЛУМ сега е поблиску до решавање на овој проблем?**

- Јас искрено се надевам дека ќе се реши овој проблем, но и сите други проблеми што ги има ДЛУМ. И навистина го посакувам тоа. Сакам да го видам ДЛУМ како една институција што безрезервно ќе ги обедини сите македонски уметници.

**● Во твојот мандат беше иницирана соработката со уметничкиот центар „Арт хаб“ во ГТЦ, а програмата на ДЛУМ беше збогатена со нови тематски изложби. Колку тоа придонесе за поголема видливост на активностите на ДЛУМ во културниот живот во државата?**

- Бидејќи ДЛУМ се судира со многу институционални проблеми во реализацијата на своите проекти, „Арт хаб“ беше една мала светла точка во тој поглед. Таа соработка продолжува но, можеби, не со тоа темпо

## Сакам да го видам ДЛУМ како една институција што безрезервно ќе ги обедини сите македонски уметници

како што беше досега, бидејќи сопственикот на уметничкиот центар има нови планови за функционирање на тој простор. Станува збор за приватен простор и сопственикот, секако, ја гледа и рентабилноста и одржливоста на сопствениот бизнис, а соодветно на тоа ДЛУМ треба да се сообрази со неговите планови. Но, секако беше еден одличен потег за ДЛУМ да излезе од темниците во кои беше и да го збогати опсегот на своето влијание. Ова раководство на ДЛУМ, едноставно, беше решително дека треба да се направат одредени промени во програмата. Оттука и се воведоа нови тематски изложби. Некои од изложбите ќе бидат биенални, од следната година воведуваме нова изложба „Голем формат“, а изложбата „Миниартура“ ќе стане биенална. Една таква нова изложба беше и „Нови енергии“. ДЛУМ мора да се менува како што се менува и општеството.

**● Кога ќе биде следното Собрание на ДЛУМ и дали ќе се кандидираш за уште еден мандат како претседател на ДЛУМ?**

- Собранието на ДЛУМ треба да се случи во март 2022 година, но дотогаш остануваат да се сработат уште два големи проекти – промоцијата на монографијата по повод 75-годишниот јубилеј, која е закажана за 20 декември, и Зимскиот салон, кој е предвиден за февруари 2022 година. Што се однесува до кандидирање за повторен мандат за претседател на ДЛУМ, нема да се кандидирам, бидејќи сметам дека треба да има промена и да се внесе нова енергија. Убаво е кога се менуваат работите и позициите. Сигурно има колеги што ќе умеат да направат нешто подобро и ќе придонесат со својот кредибилитет и умеење за доброто на ДЛУМ. Секоја промена е убава.

**Дијана Томиќ Радевска, претседателка на Уметничкиот совет на ДЛУМ.**

# Жал ми е што на повикот не се одзваа многу уметници

Јубилејот на ДЛУМ се одбележува со групна изложба, за чија реализација е вложен исклучителен напор, голем ентузијазам и ангажман на членовите на претседателството на ДЛУМ. „Друштвото поминува долги години во напор да го собере членството, се труди да го подигне критериумот на изложбите, се труди да го врати заедништвото во остварување на заедничките интереси“, меѓу другото, напиша Дијана Томиќ Радевска, претседателка на Уметничкиот совет на ДЛУМ, во каталогот за јубилејната изложба.

**• На кој начин беше направена селекцијата на авторите и делата и како во целиот проект беше вклучена Националната галерија?**

- Одбележување на јубилејот 75 години ДЛУМ е наша одговорност и обврска кон основоположниците и кон целото членство. Подготовките почнаа уште на почетокот на 2021 година. Беа ангажирани двајца куратори кои имаа свој концепт, потоа се објави повик до членството, уметниците да испратат три свои дела по нивни избор, тоа што најдобро ги претставува, а од таа понуда требаше да се селектира едно дело. Но, по објавувањето на резултатите од Годишниот конкурс на Министерството за култура и заклучокот дека немаме доволно средства за реализација на таква изложба, стивнаа професионалните подготовки.

Уметничкиот совет на ДЛУМ донесе решение, сепак, да се зафати за работа, да ја започне организацијата и преземе активности околу селекција од пристигнатиот материјал, а притоа пред себе го имавме списокот на 809 членови на ДЛУМ. Заклучивме дека би било ред да вклучиме уметници што нè напуштиле, а се обидовме да стапиме во контакт со семејствата (таму каде што имавме контакти). Во соработка со вишата кустоска Маја Чанкуловска Михајловска го прегледавме нашиот список на сите членови на ДЛУМ од формирање до денес и проверивме што поседуваат од овие членови во нивните богати депоа. Ѝ благодарам за пристапот до фотодокументацијата и за залагањето нашата селекција да биде безбедно извадена од депоата. Забележавме кои уметници од списокот би можеле да ги бараме и добиеме од Националната галерија.



Им благодарам за безрезервната помош и соработка, гостопримството и разбирањето од директорката Дита Старова Ќерими и вработените во Националната галерија. Ги позајмивме за оваа голема изложба делата на основоположниците, генерации сериозни уметници, наши професори, едукатори, уметници кои оставиле белег во македонската култура и уметност со своето творештво. Жал ми е што на повикот не се одзваа многу уметници, можеби ја изгубиле довербата во досегашната изложбена историја. Тоа беше нивна одлука. Некои не можевме да ги најдеме и во колекцијата на Национална галерија. Но, мислам дека направивме впечатлива и голема изложба, која достоинствено го одбележа 75-годишното постоење на ДЛУМ.

**• Големите прослави се можност да се направи резиме на минатите години. Имате ли увид колку уметници од почетоците до сега биле членови на ДЛУМ?**

- Списокот на сите членови на ДЛУМ, од основање до денес, до најмладите членови брои 809 имиња. Активни уметници од оваа голема бројка се околу 400. Некои од нив не се активни на ДЛУМ-овите изложби, но еднаш зачленети тие не се бришат. Се трудиме да го поттикнеме членството да се приклучи на повеќето програмски изложби, но сепак, не можеме да влијаеме врз нивните одлуки.